Пишува:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**



# RENAULT LAGUNA COUPE





Овој автомобил навистина заслужува да се погледне. Тука дизајнерите на "Renault" ги поместиле границите и нацртале убав автомобил. Прекрасното купе доживеа премиера во Франкфурт. Иако станува збор за концепт сепак во "Renault" сакаат да нè уверат како ќе изгледа "спортистот" од Лагуна, кога ќе пристигне во салоните. Сепак, додека надворешниот дизајн со својата клинеста форма и мазниот нос може да влезе во сериско производство, сигурно ентериерот со футуристичкиот стил ќе биде отфрлен.

За да се обезбедат спортски перформанси и перфектно управување Laguna Coupe ќе го носи новиот систем на "Renault" за управување со сите тркала. Моторите ќе бидат исти со лимузината, па така купувачите ќе можат да избираат меѓу 2,0-литарскиот турбо бензинец со 168 кс или познатиот дизел 2,0 dCi. Врвот од понудата го сочинува 3,5-литарскиот V6 од "Nissan", кој одамна работи во 350 Z.

## TOYOTA IQ

На Саемот во Франкфурт "Toyota" го претстави малиот "зелен" концепт автомобилот iQ. Ова е градски автомобил, со должина од 2,98 метри, со што е за 77 сантиметри пократок од Yaris. Наменет е за тројца патници + дете, а иновативноста Јапонците ја покажале со можноста четвртото седиште многу лесно да се претвори во багажен простор, како и делот кој се добива со лесното придвижување на возачкото седиште, со што се олеснува влегувањето на патниците на задните седишта. Тоа е особено значајно поради малите димензии на автомобилот.






